Бр./Nr 12-2518/1
27-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-тата седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1773/1 од 17.06.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапки за јавни набавки и незаконитости во постапка за експропријација на земјиште на територијата на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

Во однос на наводите за сомневање за незаконитости во постапките за јавна набавка на договорниот орган Општина /// ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.
Во однос на наводите за сомневање за незаконитости во постапка за експропријација на земјиште на територијата на Општина /// ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, а истиот ќе го достави на натамошно надлежно постапување на Државниот управен инспекторат.

Предметот со број 12-1773/1 од 17.06.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 17.06.2025 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапки за јавни набавки и незаконитости во постапка за експропријација на земјиште на територијата на Општина /// и оформен е предмет број 12-1773/1 од 17.06.2025 година.
Дел од наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за непочитување на начелото за конкурентност и преценување на извршените работи во две постапки за јавна

набавка на договорниот орган Општина /// - јавна набавка поврзана со /// во населбата /// и јавна набавка поврзана со ///.
Наводите за незаконитости во постапка за експропријација на земјиште на територијата на Општина /// се однесуваат на експропријација на земјиште на ул./// спроведена во текот на 2024 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид во јавно достапни податоци и информации и достави барање за доставување податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК и од увидот во јавно достапни податоци и информации утврдена е следната фактичка состојба:

Договорниот орган Општина /// спровел постапка за јавна набавка по оглас број /// за набавка на работи - ///, врз основа на донесена Одлука за јавна набавка од ///2023 година. По спроведувањето на постапката бил склучен договор за јавна набавка (бр./// од /// година) со економскиот оператор ///, чија понуда била прифатена како најповолна. Вкупната вредност на работите (///) е 127,698.171 денари. Со Анекс на Договорот склучен на ///2024 година вредноста на Договорот била променета на 130,697.325 денари. Договорот бил склучен со времетраење од четири години, и во него бил предвиден краен рок за ///, обука на кадар и едномесечна пробна работа од 275 дена од денот на одобрување на финалното /// решение од страна на Општина ///. Со Договорот била предвидена динамика на плаќање којашто подразбира 20% од вкупната вредност да биде платена по испорачано и одобрено /// решение со рок на плаќање од 30 дена по претходно доставена финансиска документација, а остатокот - на 36 месечни рати по целосна имплементација на решението.
Постапката за јавна набавка на работи - /// била предмет на оцена на Државната комисија за жалби по јавни набавки која постапувала по жалба изјавена против Одлука од ///2023 година за поништување на постапка и донела Решение од ///2023 година за усвојување на жалбата.

Договорниот орган Општина /// спровел постапка за јавна набавка по оглас број /// за набавка на работи - ///, врз основа на донесена Одлука за јавна набавка од ///2021 година и донесени одлуки за измена на Одлуката за јавна набавка, од ///2021 година и ///2021 година. По спроведувањето на постапката бил склучен договор за јавна набавка (бр./// од ///2021 година) со економскиот оператор ///, чија понуда била прифатена како најповолна. Вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ е

182,007.917 денари, колку што изнесувала и вкупната проценета вредност на набавката и истата била неколкукратно променета. Според Известување објавено на ///2025 година, договорот бил целосно реализиран и исплатен, во износ од 218,122.605 денари. Над постапката за јавна набавка на работи – /// била извршена Управна контрола од страна на Бирото за јавни набавки по која бил составен Записник број /// од ///2021 година во кој биле дадени препораки и задолженија, а договорниот орган бил обврзан да постапи по дадените инструкции пред да ја продолжи постапката согласно законските одредби.
По жалба поднесена против Одлуката за избор на најповолна понуда од ///2021 година постапила и Државната комисија за жалби по јавни набавки, која на ///2021 година донела Решение со кое Жалбата била одбиена поради неоснованост. Во образложението на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки се содржани повеќе аспекти од постапката за јавна набавка на работи – /// кои биле предмет на оцена од страна на Државната комисија.

Во врска со постапката за експропријација на која се однесуваат наводите од пријавата, Општина /// до ДКСК достави Известување дека Општина /// до Министерството за финансии има поднесено Предлог за експропријација на градежно земјиште /// од ///2024 година за реализација на јавен интерес од локално значење - градба улица – сообраќајница, дел од ул. /// /// која е составена од КП ///, КП /// и КП /// кои се дел од ул. /// /// КО /// со површина од 875m² предвиден со Извод од план /// ДУП /// дел од локалитетот /// и /// со Одлука бр./// од ///2019 година. Постапката за експропријација е поведена по поднесено барање од страна на имателот на земјиштето на КП /// и КП ///, на кое е предвидена изградба на улица. Според информациите доставени од Општина ///, постапката е поведена во насока на овозможување непречен пристап на жителите кои ќе живеат на улицата на која е предвидена изградба на објекти за што во текот на 2021 година се издадени одобренија за градење на објекти од втора категорија со намена А1 - домување во станбени куќи. Според доставена Потврда за обезбедување финансиски средства (бр./// од ///2024 година средствата во износ од 25,915.000 денари се обезбедени од буџетот на Општина /// за 2024 година во Програмата за урбано планирање Ф, потпрограма ФА уредување на градежно земјиште потставка 485420 надоместок за одземен имот. Надоместокот за експропријација се однесува на КП /// КО /// со површина од 64 m² и на КП /// КО /// со површина од 681 m² двете во сопственост на исто физичко лице.

Од утврдената фактичка состојба ДКСК го констатираше следното:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во однос на постапката за јавна набавка по огласот број /// за набавка на работи – /// и во однос на постапката за јавна набавка по огласот број /// за набавка на работи – ///, за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи - Државната комисија за жалби по јавни набавки и Бирото за јавни набавки, соодветно.

Во однос на постапката за експропријација, ДКСК оцени дека постојат услови предметот да се достави на натамошно надлежно постапување на Државниот управен инспекторат.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК